www.plusinfo.mk .ИНФО

ACIBADEM SISTINA

КРВАВА ДРАМА ВО ВОЛКОВО Кираџија го убил газдата, па си пресудил – застрелан е и синот на жртвата

Според нашите извори, непосредно по пукањето, убиецот си го одзел животот со истрел во главата.

Од Мартин Богатиноски — Објавено 24/03/2025 10:13:26 СКОПЈЕ СПАЈДЕР

Сподели 9,022

Утрово Волково осамна во крв и во солзи. Тежок злостор ја потресе мирната населба кога кираџија со неколку истрели го убил сопственикот на куќата во која живеел, а го повредил и малолетниот син на сопственикот, дознава Плусинфо.

Според нашите извори, непосредно по пукањето, убиецот си го одзел животот со истрел во главата.

Жителите раскажуваат дека ги разбудиле пукотници од огнено оружје, проследени со сирени на полицијата и на Брзата помош.

Пред очите на соседите се открила ужасна глетка – телото на сопственикот лежело неподвижно и безживотно на скалите, во локва крв.

Но, трагедијата не застанала тука. Во очај и паника, убиецот се забарикадирал во една од собите, не дозволувајќи ѝ на полицијата да пристапи. По извесно време, со последен истрел ставил точка и на сопствениот живот.

Засега нема официјални информации за мотивот на убиството, ниту пак за околностите кои довеле до оваа страшна трагедија.

Можеби ќе ве интересира

КУПИЛЕ СПРЕЈ WD-40 ЗА ДА БРИШАТ ТРАГИ ВО КУЌАТА НА ПАНЧЕ...
Соња Христовска У... 24/03/2025

ПРЕСТРЕЛКА НА ВЛЕЗОТ ВО СКОПСКО МОРАНИ Едно лице е...
Плусинфо • 20/03/2025

Соседите, потресени од настанот, велат дека ништо не навестувало ваква трагедија.

– Неколку истрели ме разбудија од спиење, а веднаш потоа се слушна детски плач и лелекање. Прво помислив дека е некоја детска шега со петарди, но за кратко време ги слушнав сирените на полицијата и на Брзата помош. Кога излегов во дворот, сфатив дека мојот прв комшија е убиен, а неговиот син е повреден во раката и однесен во болница – раскажува еден од првите соседи на жртвата.

На улицата владее тешка атмосфера, а полицијата сè уште врши увид на местото на настанот.

Од Министерството за внатрешни работи (МВР) за Плусинфо ја потврдија информацијата.

„Денеска (24.03.2025) околу 09.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с. Волково, скопско, имало пукање од огнено оружје, при што неколку лица биле повредени. Полициски службеници излегле на местото и било констатирано дека Р.Ц. и М.Н. од здобиените повреди починале на местото. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт. Со повреди се здобил и еден малолетник, кој бил пренесен во Комплексот клиники 'Мајка Тереза' за укажување помош. Како можен сторител на настанот се посочува М.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот", информираше МВР.

Директорката на ТОАРИЛУЦ, проф. д-р Марија Срцева Јовановски потврди дека на Клиниката е примен пациент од инцидентот во Волково и дека во моментот се прават испитувања.

– Примен е пациент кој е повреден од огненострелно оружје. Во моментот се прават иследувања кај него. Генерално состојбата кај него е релативно стабилна. Пациентот по испитувањата веројатно ќе продолжи на лекување на Клиниката за пластична хирургија – изјави Срцева Јовановски.

волково кираџија пукање убиство

Сподели 9,022

ПРЕТХОДНО
Со штитот или врз него

СЛЕДНО
СВЕТОТ ЌЕ СЕ СООЧИ СО ВИШОК НАФТА ГОДИНАВА
Дали тоа ќе влијае на цената?

Поврзани содржини

МАКЕДОНИЈА
МАСОВНОСТА ПОД ОЧЕКУВАЊАТА, НО ЗАТОА СЕ СКАНДИРАШЕ „УБИЈЦИ" И „УА ПРОФИТЕРИ"...

СВЕТ
ВО РИЈАД СЕ ЗБОРУВА И ЗА ТЕРИТОРИИ И ЗА ЕЛЕКТРАНИ Трамп откри дека Црното Море не е...

МАКЕДОНИЈА
МИГРАНТСКА ДРАМА ВО СТУДЕНИЧАНИ Полицијата ослободи мигранти држени во подрум

ПРЕТХОДНО СЛЕДНО

ACIBADEM SISTINA
ТРАЈНО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОШИРЕНИ ВЕНИ

Плати брзо на ЕВН онлајн без да се регистрираш.

ОСТВАРИ ГО СВОЈОТ СОН И ЗАПОЧНИ ЖИВОТ ПОКРАЈ РЕКА
ТРАЈЕ СКОПЈЕ

ALCHEMIST
GAVI DI GAVI
LA SCOLCA

ПОТКАСТ .ИНФО plusinfo.mk
СЛЕДЕТЕ ЌЕ НА YouTube

Останете со нас

Facebook Likes | Like our page
Twitter Followers | Follow Us
RSS Subscribe | Subscribe
Plusinfomk Subscribe | Subscribe

Најчитани

КРВАВА ДРАМА ВО ВОЛКОВО Кираџија го убил газдата, па си...
Мартин Богатиноски... 24/03/2025

ЌЕ ПОТВРДИ ЛИ БОРЕ ВИДЕВСКИ ДЕКА ПАЛЧО ГИ УБИЛ ВАЊА И...
Соња Христовска У... 24/03/2025

МАНЕВ ЈА ВИДЕЛ ЛОПАТАТА ВО „РЕНОТО" АМА НЕ ЗНАЕЛ ЗА ШТО Е...
Соња Христовска У... 24/03/2025

РАСКОШНА ВЕНЧАВКА НА ЏЕФ БЕЗОС И ЛОРЕН САНЧЕЗ, ИСПРАТИЈА...
Плусинфо • 24/03/2025

ПАЦИЕНТИТЕ ОД КОЧАНИ НЕМА ДА ПАТУВААТ, ХИРУРЗИТЕ ЌЕ ДОЈДАТ...
Хари Кашановски • 24/03/2025

Колумни

Со штитот или врз него
Методија Ангелоск... 24/03/2025

Индискреционен деликт
Ѓорѓи Марјановиќ • 23/03/2025

ReStart наместо ReArm
Златко Теодосиевс... 22/03/2025

За да не заборавиме – мораме да се промениме
Ивор Мицковски • 21/03/2025

art.kujna
Majka i dete
panorama

Спорт

ФФМ СЕ ОГЛАСИ ЗА ПРИВЕДУВАЊЕТО НА ДАНЧО МАСЕВ Федерацијата...
МИА • 24/03/2025

КОЈ ГО СПРЕМА ЃОКОВИЌ ЗА ТИТУЛА? Федерико Гомез има мрачна...
Плусинфо • 24/03/2025

ХРВАТИТЕ ИМААТ НОВ ЗБОР ЗА КОРНЕР? Навивачите не се срекни...
Плусинфо • 24/03/2025

ШКУПИ ГО ПОВЛЕКУВА ДРЕСОТ СО БРОЈ 77 Клубот во целост ќе...
Плусинфо • 24/03/2025

Галерија

ГОВОРИМЕ РАЗЛИЧЕН ЈАЗИК, НО ПЛАЧЕМЕ ИСТО Емотивна порака...
Плусинфо • 17/03/2025

КОСТАДИНОВ НАЈАВИ „БОРБА ДО СМРТ" Струмичкиот...
Плусинфо • 03/03/2025

„НЕ НИ ДОЗВОЛИЈА ЗАЕДНО ДА ОСТАРЕМЕ" Момчето на Фросина...
Плусинфо • 04/02/2025

ХАОС ВО ГРАДСКОТО СОБРАНИЕ ВО НОВИ САД Советниците од...
Плусинфо • 17/01/2025

Хумор

ВАКА БИ ИЗГЛЕДАЛ ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ВОЕН РОК ВО МАКЕДОНИЈА?...
Плусинфо • 06/03/2025

МЕЧКАТА БИЛА ПИЈАНА И ВОЗЕЛА СО 167 КМ/Ч Полицијата откри...
Плусинфо • 03/01/2025

МА ИДИ БРЕ У ... ХОНДУРАСИ И овие да ти биле...
Плусинфо • 27/12/2024

НЕ СУМ ВО БЕГСТВО, ТУКУ РАБОТАМ НА МОЈАТА НОВА ЗБИРКА...
Плусинфо • 11/12/2024

ПРЕТХОДНО СЛЕДНО 1 of 163

Промо Магазин Здравје Спорт Импресум Хумор Контакт

© 2025 - plusinfo.mk. All Rights Reserved. © Developed by: Unet